ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:31-95/2**

**Дата: 07.02.2012**

**ДО**
**ОПШТИНА АРАЧИНОВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Арачиново за 2010 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Арачиново за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е негативно мислење.

Во Општина Арачиново не е воспоставен систем на јавна внатрешна финансиска контрола и не се изготвени и донесени пишани процедури за процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината, што создава ризик од нецелосно и ненавремено утврдување и наплата на приходи од даноци, такси и надоместоци.

Почнувајќи од 2006 година Општина Арачиново врши утврдување на данокот на имот и комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија. На даночните обврзници им се доставуваат решенија за задолжување но не се води аналитичка евиденција по даночни обврзници во даночното сметководство. Многу

мал износ од овие побарувања е наплатен, додека за ненаплатените побарувања не се преземаат мерки за присилна наплата.
Во општина Арачиново во одделението за финансиски прашања и за администрирање со даноци и такси ниту едно работно место не е пополнето. Работата од областа на финансиите е доверена на надворешно лице на основа склучен договор за дело. Во месец октомври 2010 година склучен е договор за меѓуопштинска соработка со Општина Илинден за вршење на услуги од областа на даноците (утврдување, наплата и евиденција на даноците по даночни обврзници), но соработката до денот на ревизијата не беше профункционирана.

Карактеристично за Општина Арачиново е дека околу 15% од приходите на Буџетот на Општината се обезбедени од сопствени приходи за чие администрирање е надлежна општинската администрација, останатите приходи се по основ на трансфери од централната власт.

На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 11 и 12 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Арачиново, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на изворите на капитални средства и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Арачиново за годините кои и претходат на годината предмет на оваа ревизија .

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Бастри Бајрами, градоначалник на Општина Арачиново во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Арачиново се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во

околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во периодот од 12.10. до 25.10.2011 година кај Општина Арачиново од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија, на ден 18.11.2011 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 31-164/3 од 22.12.2011 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**3.1. Интерни контроли**

**Интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на сопствените приходи**

3.1.1. Во Општина Арачиново не е воспоставен систем на јавна внатрешна финансиска контрола, кој го опфаќа финансиското управување и контрола во прибирањето на приходите утврдени во буџетот и управувањето и контролата за извршување на расходите одобрени во буџетот.
Не се донесени пишани процедури со јасно разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација при утврдувањето, наплатата и контрола на пресметките за утврдување на даноците на имот, на специфичните услуги и комуналните такси.
Со Правилникот за систематизација воспоставено е одделение за финансирање, буџет, локален економски развој и администрирање со даноци, меѓутоа, нема назначено раководител, кој согласно členовите 11 и 12 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола има значителни надлежности во работите од областа на финансиското управување и контрола. Во Одделението нема ниту еден

вработен, а работите околу евидентирање на сметководствените трансакции, изготвувањето на завршна сметка и други сметководствени работи ги врши надворешно лице ангажирано со договор за дело.
Во Општина Арачиново нема воспоставено и внатрешна ревизија согласно членот 30 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
Една од причините за отсуството на систем на јавна внатрешна финансиска контрола во Општина Арачиново е малиот број вработени во општинската администрација како и некористење на можностите кои ги нуди Законот за меѓуопштинска соработка.
Невоспоставените контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината не е во согласност со членот 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, што создаваат ризик од нецелосно и ненавремено утврдување и наплата на даноци и такси, како и ризик од помалку наплатени приходи во корист на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Арачиново да:

- донесе пишани процедури и да обезбеди нивна целосна примена во процесот на утврдувањето и наплатата на приходите за чие администрирање е надлежна општината со поделба на должностите на начин со кој нема да се дозволи едно лице во исто време да биде одговорно за одобрување, извршување, сметководство и контрола, обезбедување ex - ante и ex - post финансиска контрола
- преземе активности за пополнување на работните места во одделението за финансирање, буџет, локален економски развој и администрирање со даноци, во согласност со законската регулатива и
- воспостави внатрешна ревизија со ангажирање на внатрешен ревизор од друг субјект од јавниот сектор.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Советот на Општина Арачиново нема донесено Буџетски календар за утврдување на роковите за планирање на општинскиот буџет во кои градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови, општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот и градоначалникот го доставува предлогот на буџетот до Советот на Општината. Ваквото постапување не е во согласност со одредбите од член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, а причина е воспоставената пракса во Општината во спроведување на процесот на буџетирање, што придонесува за постоење ризик од ненавремено донесување на буџетот.

**Препорака:**
На предлог на градоначалникот, Советот на Општина Арачиново да донесе буџетски календар со кој ќе се утврдат постапката и роковите за донесување на Буџетот на Општината.

3.2.2. Општина Арачиново со буџетот за 2010 година има планирано приходи и расходи во износ од 20.130 илјади денари. Во 2010 година се реализирани приходи во износ од 14.681 илјада денари, расходи во износ од 13.445 илјади денари и е остварен вишок на приходи во износ од 1.236 илјади денари. Приходите се остварени со 73% во однос на планираниот износ, а расходите со 67%.
Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на Општината, градоначалникот му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината, во согласност со закон, а согласно членот 36 од Законот за буџетите доколку во текот на извршувањето на буџетот Градоначалникот на Општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.
И покрај значителното неостварување на приходите на буџетот во текот на 2010 година не е извршен ребаланс на буџетот.
Неусогласеноста на остварените со планираните буџетски приходи и расходи создава ризик од преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредната фискална година и го нарушува принципот на добро менаџерско управување.

**Препорака:**
Градоначалникот да предложи на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на Општината, односно доколку реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот.

3.2.3. Општина Арачиново нема воспоставено регистри на податоци за обврзниците по основ на данок на имот и комунална такса за фирма како и нема воспоставено аналитичка евиденција по даночни обврзници за утврдените и наплатени побарувања по основ на даноци и такси (даночно сметководство) што не е во согласност со членот 39 став 1 од Законот за даноците на имот.
Причина за таквата состојба е непреземањето на регистарот на податоци од Управата за јавни приходи. Иако во 2006 година се преземени активности за

утврдување на обврзниците по овие основи на територијата на општината со увид на терен, податоците не се утврдени според Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижениот имот и не е воведена аналитичка евиденција за состојбата на обврските по даночни обврзници.

Поради невоспоставените регистри и не водење на аналитичка евиденција по даночни обврзници нема податоци за состојбата на задолжувањето на обврзниците за данок на имот и комунална такса, податоци за износот на платени обврски од даночните обврзници и салдо ненаплатени побарувања. Поради тоа не постои можност за преземање мерки за присилна наплата на ненаплатените побарувања.

Ваквата состојба придонесува за помалку остварени приходи по основ на даноци и такси во буџетот на општината.

Во месец октомври 2010 година е склучен договор за меѓуопштинска соработка со Општина Илинден за вршење на интелектуални услуги во областа на даноците (утврдување, наплата и евиденција на даноците по даночни обврзници). До денот на ревизијата не се операционализирани одредбите од склучениот договор и поради тоа сеуште нема евиденција, не се издадени решенија за данокот на имот и комуналната такса за фирма за 2011 година , односно назив на деловна просторија.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Арачиново да преземе мерки за исполнување на обврските по склучениот договор за меѓуопштинска соработка со Општина Илинден, како би можело да се извршуваат следните активности:

- да се формира регистар на податоци за обврзниците за данок на имот и комунална такса за фирма;
- да се врши усогласување на регистарот на податоци за обврзниците на комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија со податоците од Централниот регистар на Република Македонија и
- секоја година, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата од регистарот да се доставуваат до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција.

### 3.3. Финансиски извештаи

3.3.1. Во сметководството и Билансот на состојба за 2010 година на позицијата Краткорочни побарувања не е искажан износ на побарувања. Неевидентирањето на побарувањата не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и придонесува за нереални и необјективни финансиски извештаи.

Во текот на ревизијата извршено е утврдување на неевидентираните и ненаплатени побарувања по основ на данок на имот и комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија, почнувајќи од 2006 година кога за прв пат од страна на општината се издадени решенија за задолжување со овие давачки, при што е констатирана состојба на ненаплатени побарувања во вкупен износ од 3.357 илјади денари и тоа:

- побарувањата за данок на имот во износ од 1.488 илјади денари;
- побарувањата за комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија во износ од 1.869 илјада денари.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да ги задолжи вработените, согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, да ги евидентираат навремено и хронолошки ненаплатените побарувања по основ на данок на имот и комуналнана такса за фирма.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 3.3.1. кои се однесуваат на неевидентирани побарувања по основ на даноците на имот и комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија во вкупен износ од 3.357 илјади денари, е помалку искажана актива, односно пасива во Билансот на состојбата за 2010 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 3.2.3. и 3.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Арачиново на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2. и 3.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина

Арачиново, во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност

Обрнуваме внимание дека Општина Арачиново е тужена страна во судски спор со едно физичко лице, по основ надомест за експропријација на земјиште за износ од 263 илјади денари. Општина Арачиново не се јавува како тужител.
Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 02.02.2012 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 2.230 | 2.357 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 98 | 134 |
| Капитални приходи | 3.3. | 2.808 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 9.545 | 11.998 |
| **Вкупно приходи** | | **14.681** | **14.489** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 5.235 | 5.115 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 512 | 359 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 5.027 | 3.613 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **10.774** | **9.087** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **2.671** | **5.150** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **13.445** | **14.237** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1.236** | **252** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2010 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.236 | 252 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.236** | **252** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **1.236** | **252** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 1.236 | 252 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1.236** | **252** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **1.236** | **252** |